**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) и член 22 од Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.225/23 и 153/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на xx јули 2024 година, донесе

# О Д Л У К А
## за одобрување на регулиран максимален приход за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија и тарифни ставови за 2024 на АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје – Подружница ЕНЕРГЕТИКА Скопје

1. На АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје – Подружница ЕНЕРГЕТИКА Скопје се одобрува регулиран максимален приход за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за 2024 година, во износ од 159.283.317 денари за испорачани 36.035.434 kWh топлинска енергија, што ја испорачува на потрошувачите приклучени на дистрибутивната мрежа.

2. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука, а согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија (“Службен весник на Република Македонија“ бр.65/19, 219/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/22, 197/22 и 226/23):

| **Реден број** | **Група на Корисник** | **Единица мерка** | **износ** |
|---|---|---|---|
| **I.** | **СТАНБЕН ПРОСТОР** | | |
| а) | **Паушална наплата** | | |
| а/1 | На 12 месечни рати | ден/m² | 42,10 |
| а/2 | На 6 месечни рати | ден/m² | 84,20 |
| б) | **Наплата со мерач** | | |
| б/1 | Топлинска моќност | ден/kW | 1.250,6329 |
| б/2 | Испорачана енергија | ден/kWh | 2,2101 |
| **в)** | **Наплата со мерач** | | |
| | Испорачана енергија за индивидуални објекти | ден/kWh | 3,2277 |
| **II.** | **ОСТАНАТИ** | | |
| а) | **Наплата со мерач** | | |
| а/1 | Топлинска моќност | ден/kW | 2.501,2659 |
| а/2 | Испорачана енергија | ден/kWh | 4,4202 |

3. Релативниот однос на тарифните ставови помеѓу категориите на потрошувачи „домаќинства : останати“ е утврден да изнесува 1 : 2.
4. Тарифните ставови од точка 2 од оваа одлука ќе се применуваат за грејната сезона 2024/2025 година.
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 август 2024 година.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје – Подружница ЕНЕРГЕТИКА Скопје (во понатамошниот текст: АД ЕСМ - Подружница Енергетика Скопје), согласно Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.225/23 и 153/24), (во понатамошниот текст: Правилник), до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави Барање за одобрување на регулиран максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за 2024 година, за вршење на регулирана енергетска дејност производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија на АД ЕСМ Скопје Подружница „Енергетика“ број 11-1161/3 од 10 јуни 2024 година, заверено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика со УП1 08 -338/24 од 11 јуни 2024 година (во понатамошниот текст: Барање).

Кон Барањето, АД ЕСМ Скопје - Подружница Енергетика Скопје ја достави потребната документација согласно Правилникот.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 од Правилникот на 13 јуни 2024 година го објави известувањето во врска со Барањето на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика.

По објавеното известување, во рокот утврден во известувањето, до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Регулаторната комисија за енергетика на 26 јули 2024 година на својата веб страница ја објави Предлог-Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија и тарифни ставови на АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје - Подружница ЕНЕРГЕТИКА Скопје и ги повика сите заинтересирани страни да доставаат свои сугестии, забелешки и предлози.

Во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-1369/1 од 26 јули 2024 година свика подготвителна седница на која предмет на разгледување беше Предлог-Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија и тарифни ставови на АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје - Подружница ЕНЕРГЕТИКА Скопје.

На 29 јули 2024 година се одржа подготвителна седница на која беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ – Подружница Енергетика, ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје, ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, претставник од АД АДОРА, претставник од кабинет на Претседател на Владата на Република Северна Македонија, претставник од Кабинетот на Заменик Претседателот на Влада на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, Градоначалник на Град Скопје, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерство за финансии, претставник од Комисијата за заштита на конкуренција, претставник од Стопанска комора на Македонија, претставник од Стопанска комора на северо-западна Македонија, претставник од Сојуз на стопански комори на Македонија, претставник од Организација на потрошувачи на Македонија, како и претставник од Советот за заштита на потрошувачите на РСМ.

По однос на предлог – одлуката не беа доставени забелешки од страна на заинтересирани правни и физички лица.

**Податоци од барањето**

АД ЕСМ - Подружница Енергетика Скопје во Барањето ги има презентирано следните податоци:

***Оперативни трошоци***

| Р.бр. | Опис | 2024 |
|---|---|---|
| 1 | Материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 20.250.500 |
| 2 | Тековно одржување, ремонт и услуги за одржување | 17.502.300 |
| 3 | Трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема | 1.720.766 |
| 4 | Бруто плати | 59.790.415 |
| 5 | Менаџерски плати и награди | 0 |
| 6 | Други услуги | 1.050.000 |
| 7 | Останати и вонредни трошоци | 6.350.000 |
| 8 | Пренесени трошоци | 241.979 |
| 9 | Амортизација | 43.163.753 |
| **8** | **Вкупно оперативни трошоци** | **150.069.713** |

***Трошоци за гориво***

Согласно податоците од Барањето, трошокот за природен гас за производство на топлинска енергија во 2024 година изнесува 105.357.452 денари.

***Принос на регулирани средства***

Согласно Барањето, приносот на регулираните средства за вршење на регулираната дејност изнесува 43.340.505 денари.

***Количина на топлинска енергија***

Согласно Барањето, вкупната количина на топлинска енергија на праг на корисник во 2024 година изнесува 41.317.610 kWh.

***Регулиран максимален приход и регулирана просечна цена***

Регулираниот максимален приход во 2024 година, согласно барањето треба да изнесува 299.821.244 денари и регулираната просечна цена 7,3 ден/kWh.

**Анализа на Регулаторна комисија за енергетика**

Регулаторната комисија за енергетика во согласност со Правилникот започна постапка и изврши анализа на доставената документација, информации и податоци, како и прогноза на трошоците за АД ЕСМ – Подружница Енергетика Скопје за 2024 година, врз основа на што ја изготви оваа Одлука.

Имајќи ги во предвид доставените податоци за 2024 година за вршење на дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија, Регулаторната комисија за енергетика го определи регулираниот максимален приход и тарифните ставови за 2024 година, при што:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар, се утврдени на ниво на одобрените останати и вонредни трошоци за 2023 година, зголемени за стапка на инфлација од 3,5% (согласно податоци од Народна банка на Република Северна Македонија) и изнесуваат 17.512.944 денари;
2. Трошоците за тековно одржување се утврдени на ниво на одобрените останати и вонредни трошоци за 2023 година, зголемени за стапка на инфлација од 3,5% (согласно податоци од Народна банка на Република Северна Македонија) и изнесуваат 6.314.424 денари;
3. Трошоците за осигурување се прифатени согласно податоците од барањето и истите изнесуваат изнесуваат 1.720.766 денари;
4. Трошоците за бруто плати се пресметани согласно оствареното по бруто биланс за 2023 година, зголемени за стапка на инфлација од 3,5% (согласно податоци од Народна банка на Република Северна Македонија) и истите изнесуваат 51.439.863 денари;
5. Менаџерски плати и менаџерски награди изнесуваат 0 денари, согласно податоците од барањето;
6. Трошокот за категоријата други услуги се прифатени согласно податоците од барањето и изнесуваат 1.050.000 денари;
7. Останатите и вонредни трошоци се утврдени на ниво на одобрените останати и вонредни трошоци за 2023 година, зголемени за стапка на инфлација од 3,5% (согласно податоци од Народна банка на Република Северна Македонија) и изнесуваат 1.130.557 денари;
8. Пренесени трошоци се пресметани согласно податоците од Барањето и истите изнесуваат од 241.979 денари;
9. Трошокот за амортизација е утврден на ниво од 50% од одобрената амортизација за 2023 година и истиот изнесува 7.841.766 денари;
10. При пресметките на трошокот за производство на топлинска енергија во 2024 година се прогнозира АД ЕСМ Подружница Енергетика - Скопје потребната топлинска енергија во целост да ја обезбеди преку когенеративната постројка КОГЕЛ при што цената на топлинската енергија е намалена во споредба со котловско производство од топлинска енергија од топлани на природен гас, соодветно за ваков вид на постројки. Со ова трошокот за производство на топлинска енергија за 2024 година изнесува 72.031.018 денари;

Со примена на овие елементи согласно Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика утврди вкупниот регулиран максимален приход за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија на АД ЕСМ - Подружница Енергетика Скопје за 2024 година да изнесува 159.283.317 денари.

Имајќи го предвид горе наведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**УП1 бр. 08-338/24**
**xx јули 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**